Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

- Сектор за управување со човечки ресурси-

**Архивски број:** 04-5168/1

**Датум:** 15-07-2019

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**Број**

**година**

**Скопје**


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика

- Сектор за управување со човечки ресурси-

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 35/18) Министерот за труд и социјална политика на ден                    година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работните места во**
**Министерството за труд и социјална политика**

**Член 1**

Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика бр.04-7280/2 од 26.08.2015 година,04-7280/7 од 24.11.2015 година, 04-157/1 од 08.01.2016 година, 04-4231/2 од 06.06.2016 година, 04-4850/2 од 04.07.2016 година, 04-5431/1 од 27.07.2017 година, 04-5934/1 од 18.08.2016 година, 04-803/2 од 09.02.2017 година, 02-3676/1 од 19.06.2017 година, 02-4771/1 од 17.7.2017 година, 04-5056/1 од 25.07.2017, 04-9415/1 од 7.12.2017 година, 04-1775/3 од 15.02.2018 година, 04-4578/1 од 02.04.2018, 04-4599/1 од 02.04.2018 година и 04-6210/1 од 16.05.2018 година, 04-7959/1 од 11.07.2018 година, 04-8013/1 од 12.07.2018 година, 04-8757/1 од 07.08.2018 година, 04-8947/2 од 14.08.2018 година, 04-9602/1 од 12.09.2018 година, 04-9602/1 од 12.10.2018 година и 04-11946/1 од 10.12.2018 година и 04-12653/1 од 31.12.2018 година, во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, во точката 4. **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА, во подточката 4.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА, во работното место реден број 52. Помлад соработник за Буџетска анализа, во делот на Вид на образование, по зборот Економски науки се додава зборот организациони науки и управување (менаџмент).**

**Член 2**

Во точката 4. **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА, во подточката 4.3.** ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ПЛАЌАЊЕ, **во работното место со реден број 66. Самостоен референт за Следење на исплата и евиденција на плати и обврски за дејноста социјална заштита, во делот Вид на образование се додаваат зборовите** Средно гимназиско образование–општествено хуманистичко подрачје.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за управување со човечки ресурси-

Член 3

Во точката 4. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА, **во подточката 4.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, во работното место реден број 76. Самостоен референт за Техничка поддршка за постапување со сукцесивните Јавни набавки и комуникација со економските оператори,** во делот други посебни услови се додаваат зборовите сертификат за архивско и канцелариско работење.

Член 4

Во точката 5. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ, ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ, во подточката 5.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ, **во работното место со реден број 98.КВ дактило работник, во делот број на извршители бројот 8 се заменува со бројот 6.**

Член 5

Во точката 5. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ, ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ, во подточката 5.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НЕПРАВИЛНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО, во работното место реден број 104. **Советник за Спроведување контролна постапка за утврдување на неправилности во работењето** во делот на Вид на образование, по зборот Правни науки се додавааат зборовите политички науки. Во делот на **други посебни услови** се додаваат зборовите сертификат за архивско и канцелариско работење.

Член 6

Во точката 5. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ, ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ, во подточката 5.5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА, зборовите одделение за информатика се заменуваат со зборовите Одделение за планирање, развој и поддршка на комуникациски систем.

Член 7

Во точката 5. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ, ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ, насловот на подточката 5.5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА се менува и гласи: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, РАЗВОЈ И ПОДДРШКА НА КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМ", а работното место со реден број **109. Раководител на одделение за информатика** се менува и гласи:

- Сектор за управување со човечки ресурси-

| | |
|---|---|
| Реден број | 109 |
| Шифра | УПР0101Б04000 |
| Ниво | Б4 |
| Звање | **Раководител на одделение** |
| Назив на работно место | **Раководител на одделение за планирање, развој и поддршка на информациски и комуникациски систем** |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на сектор |
| Вид на образование | Политички науки |
| Други посебни услови | сертификати за: Adobe Photoshop, MS Access, Macromedia Flash MX, Macromedia Dreamweaver MX, напреден Web Design, CorelDraw |
| Работни цели | Развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението во функција на ефикасно и законско спроведување на работите од заеднички интерес на министерството и органите во состав |
| Работни задачи и обврски | -Ја планира, организира и координира работата на одделението, спроведува надзор и дава насоки и упатства за работа на вработените, го следи, контролира и оценува работењето на вработените; |


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | -Пишува анализи, информации и други документи за комуникациски прашања;<br><br>-Следи, развива и го унапредува системот за внатрешно информирање и комуницирање;<br><br>-Го координира уредувањето на веб страната на министерството.<br><br>-Изготвува правила и процедури за управување со информациските и комуникациските системи<br><br>-Учествува во работата на комисии и работни групи за потребите на министерството; |

Член 8

Во точката 5. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ, ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ, во подточката 5.5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА , по работното место со реден број 109. Раководител на одделение за планирање, развој и поддршка на информациски и комуникациски систем се додава ново работно место 109.а. Советник за планирање, развој и поддршка на информациски и комуникациски систем:

- Сектор за управување со човечки ресурси-

| | |
|---|---|
| Реден број | 109.а. |
| Шифра | УПР0101Б04000 |
| Ниво | Б4 |
| Звање | **Советник** |
| Назив на работно место | **Советник за планирање, развој и поддршка на информациски и комуникациски систем** |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Политички науки, правни науки, организациони науки и управување (менаџмент) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението во функција на ефикасно и законско спроведување на работите од заеднички интерес на министерството и органите во состав |
| Работни задачи и обврски | -Пишува анализи, информации и други документи за комуникациски прашања;<br><br>-го следи и работи на системот за внатрешно информирање и комуницирање;<br><br>-Работи на уредувањето на веб страната на министерството.<br><br>-Работи на Изготвување на правила и процедури за управување со информациските и комуникациските системи |


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

| | |
|---|---|
| | -Учествува во работата на комисии и работни групи за потребите на министерството;<br><br>-пишува соопштенија за јавност |

**Член 9**

**Во точката 5. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ, ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ, во подточката 5.6. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ, работното место со реден број 116. Советник за План и развој, се менува и гласи:**

| | |
|---|---|
| Реден број | 116. |
| Шифра | УПР0101В01000 |
| Ниво | В1- |
| Звање | **Советник** |
| Назив на работно место | **Советник за План и развој** |
| Број на извршители | **1** |
| Одговара пред | **Раководител на одделение за инвестициони работи** |
| Вид на образование | Градежништво и водостопанство, Шумарство и хортикултура, заштита на растенијата |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Спроведување на стручно- оперативни работи во функција на развој и унапредување на инвестициони градби, вложувања во истите и рационално користење на планирани капитални расходи |
| Работни задачи и обврски | - Дава предлог за приоритет во инвестициони вложувања во детските градинки и установите од областа на социјалната заштита ;<br>- Дава предлози за хортикулутно уредување на дворовите на детските градинки и установите од областа на социјалната заштита;<br>- дава поддршка и совети за изборот на растенија за хортикултуно уредување на како и понатамошна нега и заштита на растенијата<br>- Изработува извештаи за реализирани инвестиции;<br>- Учествува во работни групи за инвестициони |

- Сектор за управување со човечки ресурси-

| | |
|---|---|
| | вложувања;<br>- Води евиденција на објекти во кои се вложувани средства од Програмата за инвестициони вложувања<br>- Врши увид на лице место и предлага мерки за развој на инвестициони вложувања во објектите и дворните површини во детските градинки и установите од областа на социјалната заштита;<br>- Врши обработка на документи за инвестициони вложувања. |

Член 10

Во точката 7. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, во подточката 7.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА, во РАБОТНОТО МЕСТО СО РЕДЕН БРОЈ 149. Советник за Поддршка на европските интеграции, во делот вид на образование зборот Социологија се заменува со зборот Образование.

Член 11

Во точката 7. СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, во подточката 7.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕУ, во работното место реден број 158. Помлад соработник за Координација и имплементација на финансиски инструменти на ЕУ, во делот на Вид на образование, после зборовите Економски науки се додаваат зборовите:Наука за јазикот (лингвистика) и Образование.

Во делот на други посебни услови се додаваат зборовите: сертификат за архивско и канцелариско работење.

Член 12

Во точката 12. СЕКТОР ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, во подточката 12.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОЦИЈАЛНО - СЕМЕЈНА И ПРАВНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И СЕМЕЈСТВОТО, во работното место реден број 244. Самостоен референт за Административно - Логистичка подршка на оперативни активности за заштита на децата и семејството во делот на Вид на образование, по зборот Средно стручно образование - економски смер, се додава зборот машински смер.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

**Член 13**

Во точката 13. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА во подточката 13.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, во работното место реден број **301. Советник Нормативно-правни работи за правата на децата, во делот на други посебни услови** се додаваат зборовите сертификат за архивско и канцелариско работење.

**Член 14**

Во точката 13. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА во подточката 13.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, во работното место реден број **302. Советник за Заштита на правата на децата** во делот на Вид на образование, по зборот Правни науки, се додава зборот политички науки.

**Член 15**

Во точката 13. СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, **во подточката 13.2.** ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТАНИЕ, ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА, **во работното место со реден број 307. Советник за Згрижување и воспитание на деца, во делот број на извршители, бројот 2 се заменува со број 3.**

**Член 16**

Во точката 14. СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНСКИТЕ И ДРУГИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА, **во подточката 14.2** ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДРУГИ ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ, во работното место реден бр. **321. Советник за Инспекциски надзор за остварување на правата од социјална заштита и други парични надоместоци**, во делот **Вид на образование** зборовите Правни студии се заменуваат со зборовите Правни науки.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 04-5168/1 МИНИСТЕР,

15-07-2019 2019 година Мила Царовска

Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT - MINISTRIA E PUNËS DHE POLITIKËS SOCIALE - РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ - SHKUP


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk